Уп. Бр. 08-102/2024

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Протеини.си, трговија, услуги и производство д.о.о., со седиште на Улица хероја Вердника 22, 4270 Јесеницe, Словенија, преку Адвокатско Друштво Кнезовиќ и соработници од Скопје, на седницата одржана на ден 21.08.2024 година, го донесе следното

## **Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која Протеини.си, трговија, услуги и производство д.о.о., со седиште на Улица хероја Вердника 22, 4270 Јесеницe, Словенија стекнува единствена контрола над друштвото АТОМБОДИ ГмбХ со седиште на Расумовскигасе 23, 1030 Виена, Австрија и стекнување на средства и правни односи во ATOMBODY, Sportnahrung.at и 100% Nutrition оперирани од МСГ Онлајн ГмбХ со седиште на Виртшафтспарк 9, 8530 Дојчландсберг, Австрија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 15.07.2024 година, а дополнето на 22.07.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Протеини.си, трговија, услуги и производство д.о.о., со седиште на Улица хероја Вердника 22, 4270 Јесеницe, Словенија, со која Протеини.си, трговија, услуги и производство д.о.о., стекнува единствена контрола над уделот во друштвото АТОМБОДИ ГмбХ со седиште на Расумовскигасе 23, 1030 Виена, Австрија и стекнување на средства и правни односи во

ATOMBODY, Sportnahrung.at и 100% Nutrition оперирани од МСГ Онлајн ГмбХ со седиште на Виртшафтспарк 9, 8530 Дојчландсберг, Австрија, кои средства и правни односи согласно Договорот за купопродажба на средства, потоа ќе бидат пренесени на АТОМБОДИ ГмбХ,.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Регистрираната дејност на Протеини.си, трговија, услуги и производство д.о.о., е: општо посредување во продажба на различни производи.
Директен содружник на Протеини.си, трговија, услуги и производство д.о.о е АЛПЕ ГЕФ СПОРТ, друштво за инвестиции, д.о.о. Љубљана, Словенија, које припаѓа на ALFI PE Growth Fund, управување со приватни капитални фондови – дел од АЛФИ Групата.

Со повеќе од 500 милиони евра средства под управување, АЛФИ Групата е позиционирана како водечка групација на алтернативни инвестициски фондови во регионот.
Групацијата АЛФИ е првенствено фокусирана на инвестиции во Словенија и Хрватска, со секундарен фокус на Србија, Северна Македонија, Босна и Херцеговина и Црна Гора.
Портфолиото на Алфи Групата вклучува инвестиции и во Германија, Романија и Бугарија.
Фондовите АЛФИ се основани во 2017 година како дел од групацијата KF Finance.

Во Групата Алфи има 2 приватни инвестициски фондови: ALFI PE и ALFI PE Growth.

АЛФИ Групата моментално има 1 поврзано друштво регистрирано во Република Северна Македонија:
Друштво за трговија и услуги АПОЛО МК ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 6577857 со седиште на бул. Киро Глигоров бр. 13 Скопје со приоритетна дејност 46.49 – трговија на големо со друга стока за домаќинствата.
Регистрираната дејност на АТОМБОДИ ГмбХ е трговија и производство на спортска исхрана, додатоци во исхраната и функционална храна.

АТОМБОДИ ГмбХ нуди широк избор на производи како што се протеински прав, амино киселини, јаглехидрати, спортска исхрана, витамини и минерали.

АТОМБОДИ ГмбХ нема поврзани друштва регистрирани во Република Северна Македонија, ниту има остварено промет на пазарот во Северна Македонија.
АТОМБОДИ ГмбХ ќе го стекне трговскиот бизнис „ATOMBODY“ за производи за спортска исхрана, спортска облека и опрема за тренинг под имињата ATOMBODY, Sportnahrung.at и 100% Nutrition, управувана од MSG Online GmbH, регистрирана во регистарот на компании на Република Австрија под FN. 315320 z, Wirtscharftspark 9, 8530 Deutschlandsberg, Австрија, врз основа на Договорот за купување средства/друштво.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**